Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 64 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 4 МАРТ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од шеесет и четвртата седница на Државната изборна комисија

Шеесет и четвртата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 4 март 2014 година ( вторник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 13:15 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 63 – тата Седница на ДИК одржана на ден 27.02.2014 год. и Записникот од продолжението на 63 – тата Седница на ДИК одржана на ден 28.02.2014 година;**
**2.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**
**3.Предлог Упатство за примена на членот 165 став (3) од Изборниот законик;**
**4.Предлог Заклучок во врска со постапката по донесените решенија за запишување, промени и бришење во Избирачкиот список;**
**5.Предлог Известување за потребните прилози кон поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија ( член 64 од Изборниот законик ) и**
**6.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека ДИК ги доби бараните податоци од Државниот завод за статистика по однос на бројот на гласачи по Изборни единици, односно во врска со префрлањето на избирачите од Изборна единица број 6 во Изборната единица број 5. Бара овој материјал да биде како втора точка на овој дневен ред која ќе гласи “ Разгледување на податоците од Државниот завод за статистика за бројот на гласачи по Изборни единици“ а другите точки да се померат редоследно.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека е ова само писмо од ДЗС пратено по меил и не е званично писмо.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, дневниот ред да се прошири со нова точка 2 која гласи:

**2. Разгледување на податоците од Државниот завод за статистика за бројот на гласачи по Изборни единици;**

а другите точки да се поместат за едно место подолу, го стави на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК.**

Никој друг не побара збор и предложениот дневен ред со дополнувањата и измените, односно со додавање по точката 1 нова точка 2, а точката 2 станува 3, точката 3 станува 4 и понатаму како следи, е ставен на гласање и изјаснување

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на предложениот дневен ред со дополнувањата и измените.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 63 – тата Седница на ДИК одржана на ден 27.02.2014 год. и Записникот од продолжението на 63 – тата Седница на ДИК одржана на ден 28.02.2014 година;**

Се отвори расправа по Записниците. Никој не се јави за дискусија и предложените Записници се ставени на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 63 – тата Седница на ДИК одржана на ден 27.02.2014 год. и Записникот од продолжението на 63 – тата Седница на ДИК одржана на ден 28.02.2014 година.**

**Точка 2:**
**Разгледување на податоците од Државниот завод за статистика за бројот на гласачи по Изборни единици;**

За збор се јави Бедредин Ибраими, кој кажа дека со оглед дека бил предлагач на оваа точка, а и поради тоа што тој го побарал овој податок, односно да бидат пренесени гласачи од Изборната единица број 6 во Изборната единица број 5 и тоа да го обработи ДЗС и да ја извести ДИК. Вчера во 16:30 часот ДИК ги доби податоците од ДЗС. Податоците се разработени од Секторот за информатичка технологија и во Изборната единица број 6 имаме надминување за 0,87% на избирачите над дозволениот законски цензус од плус 5 %. Според оваа состојба обврска на ДИК е писмено да го извести Министерството за правда а според него и Претседателот на Собранието на Република Македонија дека согласно член 4 став (3) од Изборниот законик во Изборна единица број 6 имаме надминување на цензусот од плус 5%. Ова треба да се направи за да утре ДИК нема обвинување во однос на надминување на цензусот од плус 5%. Предлага да се подготви вакво Известување до Министерството за правда и до Претседателот на Собранието на Република Македонија, поради тоа што утре ќе има Седница за распуштање на Собранието.

Се отвори дискусија и за збор се јавија:

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кој кажа дека го проследи предлогот на Бедредин Ибраими, го има материјалот од ДЗС и во склад со Изборниот законик, а во врска со префрлањето на гласачите од Изборната единица број 6 во Изборната единица број 5, видно е дека е 0,08% отстапувањето од плус 5% што ако се земе математички е еднакво на 0. Смета дека ова отстапување нема да има некој негативни резултати. Интервенција како известување до Министерството за правда не е на одмет но да се напише дека надминувањето од законското отстапување од плус 5% е од 0,08%.

- Виолета Дума, Член на ДИК, која кажа дека ДИК има надлежност да ги следи сите работи во текот на изборите. Овој податок говори дека не е испочитуван условот од членот 4 став (3) од Изборниот законик. Задачата на ДИК е за ова да го извести Министерството за правда, а понатаму како ќе се одвиваат работите ДИК не треба да навлегува. Дали да се прати писмо и до Претседателот на Собранието на Република Македонија, поради тоа што утре ќе има Седница за распуштање на Собранието, се размислува.

- Потпретседателот на ДИК,М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека по предлогот на Бедредин Ибраими, а и во Записникот е наведено, ДИК да достави писмо до ДЗС и тоа е направено. Смета дека и ДЗС треба писмено да ни се обрати, ДИК да добие званичен документ со потпис и печат. Според него ова доставување по меил не е званичен документ. Избирачкиот список е уште во фаза на јавен увид и уште не може да се знае колку избирачи има по Изборни единици. И кога е направена измената во Изборниот законик веќе било направено можно отстапување од минус 5% до плус 5%.За да постапиме до Министерството за правда треба да се повикаме на Известувањето од ДЗС и на обработката од Секторот за информатичка технологија и Министерството за правда треба да го известиме и по затварањето на увидот во Избирачкиот список. Предлага да се одложи оваа точка и по истата точка, како продолжување на 64-тата седница да се расправа од како ќе се подготви целосно материјалот бидејќи не е заклучен јавниот увид во Избирачкиот список.

- Бедредин Ибраими,Член на ДИК кој кажа дека за него известувањето на ДЗС е званичен документ кој е доставен по електронска пошта. Ако се мисли да се одложи оваа точка и по нејзе да се расправата на продолжувањето на оваа седница, тогаш продолжувањето да биде денес и пред новинари. Законот вели отстапување најмногу од минус 5% до плус 5% и законот мора да се почитува. Не е за одложување на оваа точка. Мисли дека треба да се констатира состојбата и да се испрати писмо до Министерството за правда и до Претседателот на Собранието на Република Македонија, а што ќе прават тие не е работа на ДИК.

- Потпретседателот на ДИК,М-р Субхи Јакупи, кој кажа седницата да продолжи по оваа точка денес, од како ДЗС ќе достави званичен документ односно званично писмо.

- Виолета Дума, Член на ДИК кажа дека на ДИК и треба писмо од ДЗС и податоците испратени по меил да бидат доставени во званично потпишано писмо.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа дека е ДИК сериозна институција и треба вака да се постави, а не да прави импровизации. Дописот на ДИК до ДЗС е сериозен и претпоставува дека е на него одговорено усно и дека ДЗС ќе даде точни податоци на ДИК по завршувањето на Јавниот увид. Реално ДИК треба да има сериозна пошта од ДЗС за да се обрати до Министерството за правда. Не се сомнева во податоците но мора да има допис од ДЗС.

- Анета Стефановска, Член на ДИК кажа дека ги ислуша сите ставови и смета дека треба да се стави Предлогот на Бедредин Ибраими на гласање, а потоа и Предлогот на Субхи Јакупи на гласање. Го има писмото кое ДИК го испратила до ДЗС и одговорот по меил.

-Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека смета дека податоците во дописот од ДЗС се изворни и точни. Неспорно е дека ДИК има пратено писмо до ДЗС но во прашање е званичноста на документот од ДЗС. Негово размислување е да се застане со дискусиите по оваа точка, да се продолжи со работа по другите точки, а Државниот советник за правни работи и изборен систем да стапи во контакт со ДЗС и за податоците наведени во овој меил ДЗС да ни достави званично

потпишано писмо. Од како ДИК ќе го добие писмото, на крајот Седницата да се заврши со оваа точка.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека во овој момент 2 точка од дневниот ред се одлага ( се става во мирување ) за периодот до добивање на званичен допис од ДЗС по податоците кои се дадени во меилот.

Седницата продолжи по останатите точки од дневниот ред.

**Точка 3:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека ДИК ги има како материјал Предлог Решенијата по оваа точка.На Седница ДИК мора да ги разгледа Предлог Решенијата и да донесе Решенија. На оваа седница треба да се расправа прво за три Предлог Решенија за одбиени пријави во Изборните единици 7, 8 и 9.

За збор се јави Државниот советник за правни работи и изборен систем кој кажа дека има програмски проблем и при правењето на Прегледите на одобрени Решенија на Седниците на ДИК не може по дати да бидат заведувани пријавите кога се одбиени, но од Секторот за информатичка технологија му е кажано дека од утре овој проблем ќе биде надминат.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека со утрешниот датум ДИК ќе има Преглед точно за тој ден кои пријави ќе бидат предложени за одбивање.

Се отпочна со разгледувањето на Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год. Се утврди грешка во буквите на некои лица кои поднеле Пријави. Се отвори дискусија. За збор се јавија Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума, Влатко Сајкоски, Бедредин Ибраими и Анета Стефановска, Членови на ДИК. Објаснување даде Раководителот на Секторот за информатичка технологија, кој кажа дека на серверот на ДИК не беа ставени фонтовите кои ги користи ДЗС и затоа се направени овие грешки во имињата. Денес е исправен серверот во ДИК и сите имиња и презимиња, односно сите податоците какви со во ДЗС ќе бидат и во Предлог Решенијата на ДИК.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа Решенијата да се преправат, односно имињата во решенијата. Предлага да се направи табеларен преглед во кој ќе стои име и преземе на лицето со образложение зошто е одбиена пријавата на тоа лице. Таков Преглед да се доставува до ДИК како систем на контрола на квалитетот на решенијата. Во решенијата за одбиени пријави освен член 2 точка 17 од Изборниот законик да има и текстуално образложение зошто е лицето одбиено и што треба понатаму да прави. Предлага да се смени формуларот на Решенијата.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК која кажа дека на време кажала дека треба да им се објасни на нашите граѓани во странство процедурата за учество во овој изборен процес.

За збор се јави Виолета Дума, Член на ДИК која кажа дека е на нашата ВЕБ страница се објаснето во врска со пополнувањето на пријавите во странство и потребните документи и ставени се обрасци. Се е опишано во појаснувањето во точка II римско, точка 1.

За збор се јави Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кој кажа во делот на образложението на решението да се надоврзе после членот 2 точка 17 и " согласно појаснувањето во точка II римско, точка 1 ".

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа да се стави во решенијата " и согласно објаснувањето на ВЕБ страницата на ДИК ".Исто така мора во уводот на решението да ја пишува дата кога е одржана Седницата. Сега се доставени од Службата корегирани решенија и Предлага ДИК да оди на усвојување на решенијата.

Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год. се ставени на гласање.

Прво ДИК гласаше по Предлог Решенијата доставени на увид за одбивање на пријавите поради немање на ѕвездичка и немање приложено докази.

**6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата за одбивање на пријавите поради немање на ѕвездичка и немање приложено докази. "ПРОТИВ" нема и 1 член ( Субхи Јакупи) е "ВОЗДРЖАН".**

Потоа ДИК гласаше за Предлог Решенијата за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема во единствениот Избирачки список.

**7членови на Државната изборна комисија се произнесоа"ЗА" усвојување на Решенијата за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема во единствениот Избирачки список.**

**Точка 4:**
**Предлог Упатство за примена на членот 165 став (3) од Изборниот законик;**

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека Министерството за правда кажа дека ДИК треба да најде решение во врска со примената на членот 165 став (3) од Изборниот законик. Со ова Упатство ДИК најде решение и на граѓаните во 22 општини, односно во 57 Избирачки места каде се евидентирани помалку од 10 гласачи, а со цел на секој граѓанин да му овозможи да го оствари своето уставно загарантирано право на глас, ќе им овозможи на тие граѓани да гласаат на најблиското Избирачко место со над 10 избирачи.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Упатството за примена на членот 165 став (3) од Изборниот законик е ставено на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Упатството за примена на членот 165 став (3) од Изборниот законик;**

**Точка 5:**
**Предлог Заклучок во врска со постапката по донесените решенија за запишување, промени и бришење во Избирачкиот список;**

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој даде образложение на овој Заклучок. ДИК бара сите податоци во врска со спроведувањето на промените во Избирачкиот список за време на јавниот увид, заверените обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 кои ги обработуваат подрачните одделенија и канцеларии да се доставуваат до ДИК на увид. Од како ДИК ќе ги разгледа, заради спроведување на промените во Избирачкиот список, ќе ги достави до ДЗС. Овој Предлог Заклучок треба да се изгласа и на наредната Седница а и на другите наредни Седници на ДИК да се доставува Преглед – Список на промените во Избирачкиот список и ДИК ќе го усвои. По овој Заклучок ако треба ДИК ќе одржува Седници секојдневно, а и по пријавите од ДКП.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа на службите да им биде јасно дека ДИК,ако треба, секојдневно ќе држи Седници.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Заклучок во врска со постапката по донесените решенија за запишување, промени и бришење во Избирачкиот список е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот во врска со постапката по донесените решенија за запишување, промени и бришење во Избирачкиот список. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 6:**

**Предлог Известување за потребните прилози кон поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија ( член 64 од Изборниот законик ).**

Во врска со оваа точка за збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека имал лично обраќање од група избирачи во врска со проблемите кои ги имаат за вадењето на жиро сметката во Централен регистар и ЕДБ. Предлага ДИК да се обрати со писмо до Централен регистар и да се повика на членот 71 став ( 2 ) од Изборниот законик , да им се овозможи на групи избирачи да отворат жиро сметка и да добијат ЕДБ, исто како за Локалните избори.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека е за Претседателските избори проблем затоа што групи избирачи треба да имаат доказ дека им е потврдена листата, а ДИК треба да ја потврди листата. Како отвориле жиро сметки и добиле ЕДБ групи избирачи за Локалните избори, постапката е иста. ДИК да се обрати со писмо до Централен регистар врз основа на член 71 став 1 од Изборниот законик да дозволат отварање на жиро сметка и ЕДБ на групи избирачи по прилагање на соодветна документација.

За збор се јави Сашо Срцев, Член на ДИК кој кажа како ДИК се обратила до Централен регистар за Локалните избори така и сега да се обрати.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Известувањето за потребните прилози кон поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија ( член 64 од Изборниот законик ) е ставено на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Известувањето за потребните прилози кон поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија ( член 64 од Изборниот законик ).Ова Известување да се објави на ВЕБ страницата на ДИК.**

**Точка 7:**

**Разно.**

За дискусија по точката "Разно" се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека има симулација на Роковникот за Парламентарните избори и во врска со повикувањето на новинарите ДИК да го реши проблемот со преклопувањето на терминиte смета дека ДИК сега нема надлежност да дава коментар. Прво треба да се распушти Парламентот, да се распишат Парламентарните избори па потоа ќе видиме што ќе биде.ДИК треба да биде спремна на распуштањето на Парламентот па за граѓаните во странство добро е на ВЕБ страницата на ДИК да се стават Обрасците од Парламентарните избори 2011 година кои важат и за Парламентарните избори 2014 година. Добро е образецот 30 гс да се провери дали е ист и ако нема промени да се стави на ВЕБ. Ова како Заклучок. ДИК сега ќе има два Избирачки списоци.За Седницата во

четврток да се стави Упатството за примена на членот 50 -а став 6 од Изборниот законик и Пријавите од ДКП.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, во врска со Избирачкиот список кажа дека ДИК треба ЦД од Избирачкиот список да достави до политичките партии во рок од 5 дена од денот на завршувањето на јавниот увид кој е до 7.03.2014 год. Политичките партии во рок од 5 дена од денот на приемот на Избирачкиот список до ДИК доставуваат барање за запишување, дополнување или бришење на податоци. Од како ќе помине и тој рок Избирачкиот список се конзервира. Ова е список за Претседателски избори и се спремаат за печатење изводите од Избирачкиот список и од Република Македонија и од Дијаспората. Со Избирачкиот список за Парламентарните избори пак е иста постапката. И Избирачкиот список за Република Македонија и Изводите од Избирачкиот список за дијаспората се даваат на политичките партии.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека на политичките партии ќе им бидат дадени посебните Избирачки списоци за секое гласачко место во странство и единствениот Избирачки список во Република Македонија. ДИК да достави писмо до Основните судови во Републиката да ни одговорат кои се регистрирани политички партии. За Претседателските избори треба ДИК да достави ЦД од Избирачкиот список само на тие партии кои учествуваат на Претседателските избори, односно имаат свој кандидат. Исто така добиен е одговор од МИОА дека се точни податоците во базата на податоци кои тие ја доставиле во ДИК и на 6.03. 2014 во 11:00 часот ќе има продолжение на 63- тата Седница за избор на членови во ИО за ДКП и ИО во ДИК.

- Влатко Сајкоски, член на ДИК кажа дека на Седницата во четврток ќе дојдат луѓето кои го прават спотот во врска со изборниот процес да снимаат за потребите на видеото - спотот.

Дискусиите по точката " Разно" се заврши ја и поради тоа што пристигна званичен допис од ДЗС во врска со точката 2 продолжи расправата по точката 2 од дневниот ред.

**Точка 2:**

**Разгледување на податоците од Државниот завод за статистика за бројот на гласачи по Изборни единици.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е добиен званичен допис од ДЗС со бројот на гласачи по Избирачки места и останува ДИК да се произнесе за ваквата состојба на податоците. По првиот предлог ДИК да даде известување до Министерството за правда и Претседателот на Собранието на Република Македонија, а по вториот предлог само до Министерството за правда.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски , Бедредин Ибраими и Виолета Дума, Членови на ДИК се на мислење да оди известувањето и до Министерството за правда и Претседателот на Собранието на Република Македонија. Во известувањето да се приложи писмото од ДЗС и табелата со податоците од јавен увид и по префрлувањето на Избирачките места и да се повикаме на членот 4 став ( 3 ) од Изборниот законик. Известувањето да се достави денес.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК која предложи известувањето да биде доставено само до Министерството за правда.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека, од дискусиите се предлага со податоците добиени од ДЗС каде има надминување на цензусот од плус 5% во Изборната единица 6 ДИК писмено да го извести Министерството за правда.

Предлогот е ставен на гласање и **6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Предлогот со податоците добиени од ДЗС каде има надминување на цензусот од плус 5% во Изборната единица 6 ДИК писмено да го извести Министерството за правда. "ПРОТИВ" нема и 1 член е "ВОЗДРЖАН".**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше други пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и четвртата седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**64-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 16:10 часот.**

**Број** 07-704/2
07.03 **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**